# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 11, година XLV
Среда, 24.09.2014
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за продажба на доминантен пакет на акции во сопственост на Општина Битола во Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола

1. Ја објавувам Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за продажба на доминантен пакет на акции во сопственост на Општина Битола во Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/1
24.09.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 10/05), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.09.2014 година, донесе

### О Д Л У К А
### за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за продажба на доминантен пакет на акции во сопственост на Општина Битола во Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува право за продажба на доминантен пакет на акции на Општина Битола во АД ФК ПЕЛИСТЕР, запишани во централниот депозитар за хартии од вредност како 250 акции во вредност од 25.000,оо евра, односно 1.537.500,оо денари.

**Член 2**

Поради неуспешноста на постапките за продажба на акциите спроведени согласно Одлука за продажба на акции во сопственост на Општина Битола во Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола бр. 07-10/3 донесена од Советот на Општина Битола на 30.05.2014 година, се овластува Градоначалникот на Општина Битола да изврши евалуација на алтернативни понуди пристигнати во архива на Општината до 12.09.2014 година, и склучи договор со најповолниот понудувач имајќи ги предвид следниве критериуми:

- минимален рок на стопанисување со клубот од 6 години;
- износ на средства кои се обврзува да ги инвестира;

- стабилен развој на фудбалскиот спорт на подрачјето на општината;

- гаранции за висок пласман во првата фудбалска лига;

- можност за материјално финансиска соработка, менаџирање и поддршка на други спортски екипи од највисок ранг на натпревари во Република Македонија на подрачје на Општина Битола.

**Член 3**

По спроведената постапка Советот на Општина Битола на предлог на Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе Одлука за продажба на акции во определен број и вредност, а согласно спроведената постапка за евалуација од член 2 од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-24/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.09.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), а во врска со член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, и 51/11) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општината Битола го утврдува интересот на Општина Битола за пристапување како основач на Друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА.

Основачи на акционерското друштво ќе бидат Општината Битола со 30 % капитал и ГП Пелистер и ДОО Цермат со 70 % капитал.

**Член 2**

Акционерското друштво ќе работи и во правниот промет ќе истапува под фирмата:

Друштво за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА (во натамошниот текст: Друштво).

Скратениот назив на фирмата на Друштвото ќе гласи

РАКОМЕТЕН КЛУБ ПЕЛИСТЕР
АД БИТОЛА

**Член 3**

Седиштето на Друштвото ќе биде на „Булевар 1- ви Мај“ бр. 61 Битола

**Член 4**

Во рамките на предметот на работењето, Друштвото ќе ја врши следната претежна дејност:

93.12 – Дејности на спортските клубови

**Член 5**

Основачката главнина на Друштвото во денарска противвредност од 25 000,00 евра ќе ја обезбедат Општина Битола со 30 % капитал и ГП Пелистер; ДОО Цермат со 70 % капитал.

Општина Битола ќе учествува во основачката главнина на Друштвото со 7 500,00 евра во денарска противвредност во ствари со проценка на овластен проценител.

**Член 6**

Управувањето на Друштвото ќе се организира според едностепениот систем на управување.

Органи на Друштвото се:
Собрание на друштвото и
Одбор на директори

**Член 7**

Со Друштвото ќе управува одборот на директори во рамките на овластувањата определени со Законот за трговски друштва, Статутот и овластувањата што изречно му се дадени на Собранието на Друштвото.

Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото.

Мандатот и статусот на членовите на Одборот на директори ќе се определи со Статутот на Друштвото.

**Член 8**

Со Статутот на Друштвото поблиску ќе се уредат фирмите и седиштето; предметот на работењето на Друштвото; основачите; износот на основната главнина; номиналниот износ на акциите; бројот на акциите и други прашања од значење за Друштвото согласно Законот за трговските друштва.

**Член 9**

Работите од надлежност на Собранието на Друштвото, Општината Битола ќе ги врши преку овластен претставник.

Се овластува овластениот претставник да ги преземе сите дејствија и активности во претставувањето на Општина Битола во Собранието на акционери, како и да ги преземе сите потребни дејствија и активности , како и да ги донесе потребните одлуки за основање на Друштвото, а особено да ги преземе акциите на Друштвото; да учествува во изготвување, усогласување и донесување Статут на Друштвото како и да го потпише Статутот на Друштвото; да потпише изјава за преземање на акциите; да потпише изјава дека основањето е согласно закон; да донесе одлука за избор на органите на управување; да го состави извештајот за текот на основањето на Друштвото како и сите потребни дејствија за основање на Друштвото.

За овластен претставик од Советот на Општината Битола кој ќе ги врши работите од надлежност на Собранието на Друштвото, Советот на Општината Битола го именува:

Леонида Чолаковски, член на Советот на Општината Битола

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

| | |
|---|---|
| Бр.07-24/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 22.09.2014 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | д-р Силвана Ангелевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на 1-то полугодие од 2014 год.

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на 1-то полугодие од 2014 год., донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 22.09.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на 1-то полугодие од 2014 год.

1. СЕ УСВОЈУВА Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на 1-то полугодие од 2014 год.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-21/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.08.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за формирање на Консултативно тело за следење на состојбата со амбиенталниот воздух во Општина Битола

1. Го објавувам Решението за формирање на Консултативно тело за следење на состојбата со амбиенталниот воздух во Општина Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и член 80 од Деловникот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.09.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за формирање на Консултативно тело за следење на состојбата со амбиенталниот воздух во Општина Битола

1. СЕ ФОРМИРА Консултативно тело за следење на состојбата со амбиенталниот воздух во Општина Битола во состав:

- Стојан Кулевски – претседател на Комисијата за заштита на човековата средина
- Олга Лозановска – член во Комисијата за заштита на човековата средина
- Иса Ибиш – член во Комисијата за заштита на човековата средина
- Томе Наумов – член во Комисијата за заштита на човековата средина
- Снежана Стоилова – член во Комисијата за заштита на човековата средина
- Зоран Михајловски - дипл.сообраќаен инжинер (вработен во РЕК Битола)
- Тони Паспаловски - д-р електротехнички науки (вработен во РЕК Битола)
- Јулијана Ивановска - советник инспектор (вработена во Општина Битола)
- Зоран Димовски - инспектор во државен инспекторат за животна средина.
- Д-р Лилјана Милевска (вработена во Центар за јавно здравје).

– Зоран Јошевски - проф. д-р на Технички Факултет Битола.
– Претставник од Биотехнички факултет
– Претставник од Управа за хидрометеоролошки работи

Активни учесници во работата на Консултативното тело ќе бидат и претставници на невладините организации.

2. Основна задача на Консултативно тело во кое овен членовите на Комисијата за заштита на животната средина составена од членови на Советот на Општина Битола, членуваат и претставници од релевантните институции, граѓански организации и граѓани има за цел:
– Да обезбедува соодветни точни информации за состојбата со амбиенталниот воздух во Битола,
– Да донесува иницијативи и да предлага соодветни мерки и стратегии до Советот на Општината Битола и Градоначалникот на Општина Битола.

3. Работата на консултативното тело е јавна, терминот за оддржување на состаноците се најавува преку медиумите и во работата на телото можат да земат учество сите граѓани.

4. Претседател на Консултативното тело ќе биде претседателот на Комисијата за заштита на човековата средина.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се обајви во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-24/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.09.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на трајно користење на движни ствари на Република Македонија без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на трајно користење на движни ствари на Република Македонија без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 1 од Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општината Битола („Сл. весник на РМ“ бр. 68/2014), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на трајно користење на движни ствари на Република Македонија без надоместок

### Член 1

Со оваа Одлука Општината Битола ги прифаќа на трајно користење движните ствари без надоместок и тоа:

1. СИСТЕМ ЗА ВИДЕО НАДЗОР составен од следните елементи
– надворешна колор камера IP65 – 4 парчиња
– внатрешна колор камера HLC542X – 1 парче
– PC картичка за видео надзор NV 3000 – 2 парчиња
– Персонален компјутер Celeron 430 1.8 Hz HDD500GB DVDR/RW – 1 парче
– Монитор 19“ LCD AOL – 1 парче
– Сопствено напојување UPS 1250 VA – 1 парче
– ВРАТА алуминиумска електрична – 1 парче
– ТЕЛЕФОНСКА ЦЕНТРАЛА – 1 парче
– КЛИМА УРЕД Фонко – 1 парче

- БОЈЛЕРИ – 10 л. Леов – 6 парчиња
- 5 л. Леов – 1 парче
- МЕБЕЛ – столици Бон/Б – 13 парчиња
- ГРЕЈНО ТЕЛО – маслен радијатор NEO ARH 2001 – 1 парче

**Член 2**

Директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија ќе склучи договор со Градоначалникот на Општината Битола, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-24/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.09.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седница одржана на 22.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар поднесен од Градоначалникот на Општина Битола број 08-1235/2 од 11.09.2014 година, за вршење на определени работи од надлежност на внатрешната ревизија, од страна на Општина Демир Хисар во корист и за сметка на Општина Битола.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука, процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинската соработка, се доставува до општината Демир Хисар, заради усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-24/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.09.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. Го објавувам Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.09.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар од Општина Битола се именуваат:
– Кире Георгиевски и
– Аница Тантарова Георгиевска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“

Бр.07-24/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.09.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Службен весник на РМ“ бр.22/10 и 136/11) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.09.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општината Битола

1. Од Советот за јавно здравје за подрачјето на Општината Битола, се разрешува Јулијана Силјановска, а на нејзино место се именува Габриела Илиевска.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-24/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.09.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Решението за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.09.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1286/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.09.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.09.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуечани, се разрешува Наташа Кочишка, а на нејзино место се именува Горан Филиповски, инж.по сообраќај, вработен во РЕК „Битола“.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-24/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.09.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 24 став 3 и став 4 од Законот за државни службеници („Службен весник на РМ„ 59/00,.112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13 , 82/13 и 106/2013 . ) Градоначалникот на Општината Битола ја донесе следната

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2015 ГОДИНА

## 1. Цел на Годишната Програма за обука

Општа цел на Годишната Програма за обука е да обезбеди систематски приод во координацијата, планирањето и спроведувањето на обуката и стручното усовршување на државните службеници во рамките на Националниот систем за координација на стручното усовршување и обука на државните службеници.

Посебни цели на Годишната Програма за обука се:
- да придонесе во остварување на стратешките цели на органите , дефинирани во релеватните стратешки планови;
- да придонесе квалитетно извршување на законските обврски од страна на државните службеници, а со тоа и зачувување на стекнатиот стандард за квалитет ИСО 9001:2008 и постојано подобрување на процесите во Општина Битола;
- да придонесе во реализацијата на Годишните програми за работа на органите на Општината;
- да овозможи планирање на финансиките средства за обука односно планирање на Буџетот на Општината;
- да помогне во развојот и зајакнување на човечките ресурси.

## 2. Реализирани обуки
Во периодот 01.01.2014 заклучно со 04.07.2014 г. реализирани се следните Генерички обуки: Табеларен приказ (Прилог 1)

## 3. Приоритени области за обука на државните службеници

Приоритетни области за обука се утврдените од потребата за познавање на странски јазик согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор. Општината ќе се погрижи нејзините вработени благовремено да се припремат и да се стекнат со бараниот сертификат за секој државен службеник.
Истите се прикажани во Табеларен приказ (Прилог 2)

## 4. Оправданост - причини за предвидените обуки
Оправданоста односно причините за предвидените обуки произлегоа од извршена анализа на потребите од обука.
Како методи кој се користени при спроведување на АПО избрани се методите:
1) Анализа на содржина на релеватни документи
2) Консултации со личности на клучни позиции
3) Интервју (квалитативна анализа)

4) Проценка на изведбата
5) Самооценување

Со квалитативна анализа преку интервју на Раководните државни службеници со државните службеници, вкупно (103 службеници) - поголем број од интервјуираните изразија желба за обука . со цел да се следат честите законски измени и навремено реализација на работните обврски. Со спроведување на обуките Општината ќе има на располагање спремен и обучен кадар кој би бил во функција на граѓаните. За успешно реализирање на донесените Програми неопходно е перманентно да се обучуваат и надоградуваат со знаење и размена на практично искуство - вработените во општинската администрација. Обуките кој не се реализирани во 2014 г. се земени во предвид во изработката на Годишната програма.

**5. Финансирање**

Во финансирањето на обуките на државните службеници Општината во својот Буџет за 2015 година ќе планира да предвиди дел од 400.000,- 500.000, денари - ставката дополнителни активности. Општината очекува нејзините службеници да посетуваат обука која би била организирана и финансирана од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС, УНДП или други организации кој би пројавиле интерес да донираат во обуките.

**6. Извори на информации**

Како извори за добивање на информации при изработка на Годишната програма се користени:

Системот за управување со квалитет ИСО 9001:2008 – Стандардизирани процедури
Стратешки документи во Општината
Годишни програми за работа на органите на Општината
Анализа за потребите од обука
Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација
Обрасци за оценување на ДС од Прво полугодие 2014 г.

**7. Табеларен приказ на обуките (Прилог 3)**

**8. Објавување на Годишната програма**

Годишната Програма за обука на државните службеници ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола,, , а по претходно добиено Мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.04-153/2
26.08.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
Д-р Владимир Талески

**MIOA308-P5**

**Табела А. Приказ на реализирани ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ во 2014 година Прилог 1**

| Бр. | Област | Тема | Целна група (број) | | | Период (квартал) | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рдс | сдс | садс | I | II | III | IV | МИОА | Орган |
| 1 | **Административно работење** | Архивско работење | | | 3 | | 06. 2014 | | | | |

| Бр. | Област | Тема | Целна група (број) | | | Период (квартал) | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рдс | сдс | садс | I | II | III | IV | МИОА | Орган |
| 1 | **Управување со човечки ресурси** | Основи за управувае со човечки ресурси Предизвици и можности | 1 | | | 05 и 06 Мар т 2014 | | | | | |
| 2 | **Управување со човечки ресурси** | Друго<br>ИСО 9001 и ЦАФ<br>Вовед и процес на спроведување во институциите | 1 | 1 | | 07 Мар т 2014 | | | | | |
| 3 | **Управување со човечки ресурси** | Основи за управување со човечки ресурси<br>Стандарди за управување со човечки ресурси | 1 | | | | | 04 Јули 2014 | | | |

**MIOA308-P5**

| Бр. | Област | Тема | Целна група (број) | | | Период (квартал) | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рдс | сдс | садс | I | II | III | IV | МИОА | Орган |
| 1 | **Управување со финансии** | **Финансиско планирање**<br>Изготвување финасиски извештај и новини во трезорско работење,<br>Изготвување завршна сметка и промена во законите | 3 | 2 | | 01. 2014 | | | | | |

| Бр. | Област | Тема | Целна група (број) | | | Период (квартал) | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | рдс | сдс | садс | I | II | III | IV | МИОА | Орган |
| 1 | **ЕУ обуки** | Друго<br>Искористување на ЕУ фондови | | 1 | | 02. 2014 | | | | | |
| 2 | **ЕУ обуки** | Друго<br>Младински политики | | 1 | | | 17. Јуни 2014 | | | | |

**Приоритени области за обука (Прилог 2)**

**Табела А ГЕНЕРИЧКИ (ОПШТИ) ОБУКИ**

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства МИОА | Финансиски Средства Орган |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Странски јазици | **Англиски** | РДС - 15<br>СДС - 52<br>САДС- 36 | 1 | | |

**Табела А ГЕНЕРИЧКИ (ОПШТИ) ОБУКИ (Прилог 3)**

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства МИОА | Финансиски Средства Орган |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Административно работење | Канцелариско работење | РДС-1<br>СДС-4 | 2 и 4 | | |

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства МИОА | Финансиски Средства Орган |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Управување со човечки ресурси | Друго<br>Новини од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор | РДС- 1 | 1 | | |
| 02 | Управување со човечки ресурси | Друго<br>Безбедност и здравје при работа | РДС-1 | 1 | | |

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства МИОА | Финансиски Средства Орган |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Управување на проектен циклус | Обезбедување на средства за проекти | РДС-1<br>СДС-2 | 1 | | |
| 02 | Управување на проектен циклус | Имплементација на проекти | РДС-1<br>СДС-2 | 1 | | |
| 03 | Управување на проектен циклус | Дизајнирање на проекти | РДС-1<br>СДС-2 | 1 | | |

Стр.2

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства МИОА | Финансиски Средства Орган |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Управување со финансии | Јавни набавки<br>Јавно приватно партнерство и концесии | РДС-1<br>СДС-1 | 1 | | |
| 02 | Управување со финансии | Јавни набавки<br>Измени на Законот за јавни набавки | РДС-1<br>СДС-2 | 1 | | |
| 03 | Управување со финансии | Јавни набавки<br>Едукација на договорните органи од областа на јавните набавки | РДС-1 | 1 | | |
| 04 | Финансирање | Друго<br>Попис на основни средства | РДС-1<br>СДС-1 | 1 и 4 | 2000 ден по лице | |

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства МИОА | Финансиски Средства Орган |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | ИТ вештини | Оперативен систем-Windows Server12 Напредно управување | РДС-1<br>СДС-1 | 2 | | |
| 02 | ИТ вештини | Оперативен систем-Microsoft Напредно управување | РДС- 1<br>СДС-1 | 3 | | |
| 03 | ИТ вештини | Софтвер за графички дизајн | РДС – 1<br>СДС- 1 | 1 | | |
| 04 | ИТ вештини | Софтвер за канцелариско работење | СДС – 1 | 3 | | |

**Табела Б СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ** Стр.3

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Сред.Буџет на орган | Финансиски Средства Др.приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Урбанистичко планирање | Просторно и урбанистичко планирање<br>Законски измени | РДС-2<br>СДС-5 | 1 | 2000 денари по лице | |
| 02 | Урбанистичко планирање | Информациони системи<br>Создавање на електронска дата база | РДС 1<br>СДС-2 | 1 | 2000 денари по лице | |
| 03 | Урбанистичко планирање | Друго<br>Закон за постапување со бесправно изградени објекти Примери од пракса и законски измени | РДС – 3<br>СДС-8 | 1 | 2000 денари по лице | |

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства Буџет на орган | Финансиски Средства Други приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Заштита на животна средина и природата | Заштита на животната средина<br>Законски промени | РДС 1<br>СДС-1 | 1 | 2000 ден по лице | |

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства Буџет на орган | Финансиски Средства Други Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | ЛЕР | Планирање и водење на локална економска политика | РДС-1<br>СДС-1 | 2 | 2000 денари по лице | |
| 02 | ЛЕР | Воспоставување на партнерства | РДС-1<br>СДС-1 | 2 | 2000 денари по лице | |

Стр.4

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства Буџет на орган | Финансиски Средства Други приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Комунални дејности | Снабдување и одведување на вода | РДС 1<br>СДС-5 | 2 | 2000 денари по лице | |
| 02 | Комунални Дејности | Надзор | РДС-1<br>СДС-2 | 2 и 4 | 2000 денари по лице | |
| 03 | Комунални Дејности | Превоз во патен сообраќај | РДС-1<br>СДС -1 | 1 | 2000 денари по лице | |
| 04 | Комунални Дејности | Јавни патишта | РДС - 1<br>СДС-1 | 1 | 2000 денари по лице | |

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства Буџет на орган | Финансиски Средства Други Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Образование | Воспитно образовна дејност | РДС-1 | 2 | | |

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства Буџет на орган | Финансиски Средства Други Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Заштита и спасување на граганите и материјалните добра – Планирање на заштита и спасување | Заштита и спасување ,Планови за поплави, пожари, евакуација и сл. Заштита од елементарни непогоди | САДС-1 | 2 | 2000 денари по лице | |

Стр.5

| Р бр. | Област | Тема | Целна група Број на ДС | Период Квартал | Финасиски Средства Буџет на орган | Финансиски Средства Други Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Финансирање | Сметководство<br>Изработка на завршна сметка | РДС-2<br>СДС-2 | 1 | 2000 денари по лице | |
| 02 | Финансирање | Друго<br>Новини кој произлегуваат од законски измени | РДС-2<br>СДС-1<br>САДС 1 | 2 | 2000 денари по лице | |
| 03 | Финансирање | Буџет на општина<br>Софтвер за буџет | РДС-1<br>САДС-1 | 4 | 2000 денари по лице | |
| 04 | Финансирање | Администрирање на локални даноци и такси (Надзор соПодобрување на наплата) | СДС-1 | 1 | 2000 денари по лице | |
| 05 | Финансирање | Внатрешна контрола и ревизија<br>Управување со ризик | СДС-1 | 3 | 2000 денари по лице | |
| 06 | Финансирање | Внатрешна контрола и ревизија<br>Системска ревизија | СДС-1 | 4 | 2000 денари по лице | |
| 07 | Финансирање | Внатрешна контрола и ревизија<br>Практични искуства од јавните набавки од надлежност на локалната Самоуправ | СДС-1 | 1 | 2000 денари по лице | |
| 08 | Финансирање | Внатрешна контрола и ревизија<br>Стабилно финансиско управување<br>И внатрешна финансиска контрола во единиците на локалната самоуправа | СДС-1 | 2 | 2000 денари по лице | |

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/02), и член 17 љ од Законот за државните службеници („Службен весник на РМ„ бр. 59/00,....) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**за соодветна и правична застапеност на заедниците**
**за 2015 година**

## 1. ВОВЕД

Соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа предвидена е со Амандман VI кој го надополнува член 8 од Уставот на РМ.
Со ова, застапеноста на заедниците во органите на државната власт и јавните институции е издигнато на ранг на **темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.**

Во согласност со член 12 од Законот за државни службеници, е предвидено вработувањата во државната служба да се спроведува низ транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Законот за локална самоуправа во член 59 (Застапеност на заедниците при вработувањето) предвидува при вработувањето, во општинската администрација и во јавните служби кои ги основала општината да се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат **на сите заедници застапени во општината** на сите нивоа, како и почитување на критериумите на стручност и компететност.

## 2. ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Согласно дефинитивните податоци од пописот на населението , домаќинствата и становите во РМ - 2002 година добиени од Државниот завод за статистика, застапеноста на заедниците во Општината Битола изгледа вака:

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошнаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 95.385, | 84.616, | 4.164, | 1.610 | 2.613, | 1.270, | 541, | 21, | 550. |
| 100 % | 88,70 % | 4.36 % | 1.68 % | 2.73 % | 1.33% | 0.56% | 0.02 % | 0,57% |

## 3. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Општинската администрација е составена од 6 сектори , 18 одделенија и ТППЕ

Во прилог - е прикажан пополнет Образец за тековната состојба , согласно член 5 од Правилникот за содржината на годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците ("Службен весник на РМ" 58/11) - состојба 28.08.2014.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ



## ОБРАЗЕЦ ЗА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА (28.08.2014)

## ОПШТИНА БИТОЛА - ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**Општинска администрација**

| | Број | Процент од вкупниот број на вработени | Машки | Женски | Раководни државни службеници | Стручни државни службеници | Стручно административни државни службеници | Други вработени без статус на државен службеник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 137 | 90,7 % | 80 | 57 | 13 | 50 | 28 | 46 |
| Албанци | 4 | 2.64 % | 2 | 2 | / | 1 | 2 | 1 |
| Турци | 1 | 0.66% | 1 | / | / | 1 | / | / |
| Роми | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Власи | 8 | 5,29 % | 3 | 5 | 1 | / | 6 | 1 |
| Срби | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Бошнаци | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Останати | 1 | 0,66 | / | 1 | 1 | / | / | / |
| Вкупно | 151 | 100,% | 86 | 65 | 15 | 52 | 36 | 48 |

**4. СПОРЕДБА ПО ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ**

(процент на жители во Општината Битола- процент на вработени во општинската администрација)

| **Процент на жители** по етничка припадност во Општината Битола | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Останати** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 100 % | 88,70 % | 4,36 % | 1,68% | 2,73 % | 1,33 % | 0,56% | 0,02 % | 0,57 % |
| **Процент на вработени** во општинската администрација по етничка припадност | 90,7 % | 2,64 % | 0,66% | / | 5,29 % | / | / | 0,66% |

Во постапка за превземање и распоредување на вработен од јавна установа без статус на државен службеник со Спогодба за бработување без јавен оглас спогодбено е превземен во Општина Битола 1 вработен (Македонец).

По јавен оглас објавен на ден 22.07.2013 година за вработување на државен службеник во звање:
Помлад соработник 2 извршители успешни кандидати 21, на интервју биле присутни 6 кандидати Македонци, избрани 2 извршители (Македонци),
за вработување на државен службеник во звање Самостоен референт 1 извршител, успешни кандидати 7, на интервју бил присутен 1 кандидат Македонец, избран 1 извршител (Македонец),
за вработување на државен службеник во звање Помлад соработник 1 извршител, успешни кандидати 22, на интервју бил присутен 1 кандидат Македонец, избран 1 извршител (Македонец),
за вработување на државен службеник во звање Советник 1 извршител, успешен кандидат 1, на интервју бил присутен 1 кандидат Македонец, избран 1 извршител (Македонец),
за вработување на државен службеник во звање Соработник 1извршител, успешни кандидати 6, на интервју биле присутни 3 кандидати Македонци избран 1 извршител (Македонец) и
за вработување на државен службеник во звање Раководител на одделение 1 извршител, успешен кандидат 1, на интервју бил присутен 1 кандидат Македонец, избран 1 извршител (Македонец).

На јавниот оглас објавен на 08.11.2013 година за прием на 1 државен службеник во звање Советник – уредно беа пријавени 7 кандидати . Положиле или претходно имале положено 4 кандидати (Македонци). На интервју се јавиле 2 кандидати Македонци. Вработен 1 извршител (Македонец).

Во постапка за реализирање на Спогодби за вработување без јавен оглас – Проект на Владата на Република Македонија спогодбено е превземен 1 вработен од ЈП „Македонски шуми„ (Влав).

Во постапка за реализирање на Спогодби за вработување без јавен оглас - Проект на Владата на Република Македонија спогодбено е превземен 1 вработен од Министерството за труд и социјална политика (Албанец).

Стр.5

Во Планот за 2015 г. се планира да се вработи 1 работник односно државен службеник од заедница која не е мнозинство .

Се планира да се вработи еден припадник од заедницата која не е мнозинство во звање „Советник„ за работното место „Локални патишта и улици„ Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште, Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање , заштита на животната средина , комунални дејности и уредување на градежно земјиште.

За истото се потребни исполнување на следните посебни услови: ВСС Градежен факултет со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен , работно искуство од најмалку 3 години во структата , работа со компјутер.

Пополнувањето би се вршело по пат на јавен оглас со динамика во втората половина на 2015 година.

За реализација на активностите околу застапеноста на заедниците средства би се користеле од Буџетот на Општината, како и од други извори кој би финансирале во согласност со законските прописи.

Стручно оспособување на општинската администрација би се вршело во согласнот со Годишна програма за обука на државните службеници, како и во рамките на проекти организирани од ЗЕЛС (Заедница на единиците на локална самоуправа), Министерството за информатичко општество и администрација ,како и други странски владини и невладини организации.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Примерок од Годишниот план да се достави до Министерството за информатичко општество и администрација.

Годишниот план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Битола", а ќе се објави по добиената согласност од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор.

Бр. 04- 167/1
01.09.2014.
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Одлуката за избор на Директор во јавното комунално претпријатие „Водовод„ Битола бр. 08-1074/16 од 26.08.2014 г. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на ЈКП „Водовод„ Битола**

1. **Горан Стефановски** ВД Директор на ЈКП „Водовод„ Битола
**СЕ РАЗРЕШУВА** од функцијата ВД Директор на ЈП, заклучно со 02.09.2014 година.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие. Со оглед дека по истиот донесена е Одлуката за избор на Директор во јавното претпријатие бр. 08-1074/16 од 26.08.2014 година се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр. 08-1074/18
03.09.2014 г.
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 133 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 6/12. 100/12 24/13. 41/14, 116/14) Градоначалникот на Општината Битола донесе

РЕШЕНИЕ
за престанок на мандат на Директорот на Основно училиште
„ Св. Климент Охридски„ Битола

1. Му престанува мандатот на Директорот на ОУ „Св. Климент Охридски„ Битола Оливера Илиевска по негово барање заклучно со 11.09. 2014 г.

2. Се задолжува досегашниот директор со именованиот ВД Директор да извршат примопредавања на функцијата согласно закон.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Директорот на ОУ „Св. Климент Охридски„ Битола, на ден 04.09.2014 година поднесе барање за престанок на мандатот - оставка и истата ја достави до Градоначалникот на општината. Согласно член 133 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование на Директорот му престанува мандатот по негово барање.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство :** Против ова Решение незадоволната страна во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр. 08-1205/2
10.09.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 135 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на ОУ „Св. Климент Охридски„ Битола**

1. За В.Д. Директор на Основното училиште „Св. Климент Охридски„ Битола **се именува Андријана Мигуловска,** вработена во основното училиште како Наставник по техничко образование и информатика, со положен испит за директор во училиште.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 12.09.2014 година.

2 Се задолжува именуваниот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со досегашниот Директор согласно закон.

3 ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

4. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште, а по престанување на мандатот на досегашниот Директорот на истото, согласно член 135 од Законот за основното образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на именуваниот В.Д. Директор .

Бр.08-1205/3
10.09.2014 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА
Г р а д о н а ч а л н и к
д-р Владимир Талески

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за овластување на Градоначалникот на Општината Битола за продажба на доминантен пакет на акции во сопственост на Општина Битола во Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД Битола ...................................... 437

О Д Л У К А за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт....................................................... 438

З А К Л У Ч О К за усвојување Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Битола во текот на 1-то полугодие од 2014 год. ....................................................................... 440

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Консултативно тело за следење на состојбата со амбиенталниот воздух во Општина Битола 440

О Д Л У К А за прифаќање на трајно користење на движни ствари на Република Македонија без надоместок ............................... 441

О Д Л У К А за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар ................................................................... 442

Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар....................... 443

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Советот за јавно здравје за подрачјето на Општината Битола ..................... 443

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани............ 444

ГОДИШНА ПРОГРАМА за обука на државните службеници за 2015 година............ 445

ГОДИШЕН ПЛАН за соодветна и правична застапеност на заедниците за 2015 година....... 455

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на ЈКП „Водовод“ Битола................. 460

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандат на Директорот на Основното училиште „Св. Климент Охридски“ Битола ...................... 461

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола................................................................. 462

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211